# Аллаховото проклетство нека ги стигне евреите и христијаните, затоа што од гробовите на своите Пратеници направија места за молитви

Од Аиша и Абдулах ибн Абас, радијаллаху анхума, се пренесува дека рекле: Кога на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му се приближила смртта, тој ја ставал својата наметка на лицето, но кога ќе почувствувал потешкотија, ја тргал од лицето. Додека бил во таква состојба рекол: „Аллаховото проклетство нека ги стигне евреите и христијаните, затоа што од гробовите на своите Пратеници направија места за молитви.“ Со ова ги предупредуваше луѓето да не го прават истото.

[صحيح] [متفق عليه]

Аиша и Ибн Абас, нека Аллах биде задоволен со нив, ни пренесуваат дека, кога на Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му се приближила смртта, тој ставал парче ткаенина врз лицето. Кога поради агонијата на смртта му станувало тешко да дише, ја тргал ткаенината од лицето. Во таа исклучително тешка ситуација рекол: „Аллах ги проколнал евреите и христијаните и ги оддалечил од Неговата милост, бидејќи изградиле места за молитва (месџиди) врз гробовите на своите Пратеници.“ Овој говор на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, во таков критичен момент, укажува на сериозноста на ова дело. Затоа, тој го предупредил својот умет да не го следи овој пример, бидејќи тоа е дело на евреите и христијаните, а исто така е пат кој може да води кон многубоштвото и побивање на еднобоштвото (тевхидот) на Аллах, Возвишениот.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3330